**Одлука бр.5**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на своја редовна седница одржана на 25.12.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за определување на помош на**
**тениските клубовите членки на Тениска Федерација на Северна Македонија**
**за организација на турнири од Календарот за натпревари за 2025 година**

**Член 1**

Тениска Федерација на Северна Македонија на клубовите организатори на Отворени првенства, Државни Првенства и Мастерс турнири во категории 12,14,16 и 18 години и за категорија Ветерани, а кои се дел од Календарот за натпревари на ТФСМ за 2025 година, доделува:

- за секој натпревар 3 нови топки, кои остануваат во клубот организатор, освен Ветеранските турнири, каде топките остануваат кај играчите
- Дипломи за победникот, финалистот и 1/2 финалистите
- За Државните првенства: Пехари за освоено 1 и 2 место
- Медали за освоено 1,2, 3 и 4 место на Мастерс турнирите.

**Член 2**

Тениска Федерација на Северна Македонија на клубовите организатори на Отворени првенства, Државни Првенства и Мастерс турнири во категорија за Мажи и Жени, а кои се дел од Календарот за натпревари на ТФСМ за 2025 година, доделува:

- за секој натпревар 4 нови топки, кои остануваат во клубот организатор,
- Дипломи за победникот, финалистот и 1/2 финалистите
- За Државните првенства: Пехари за освоено 1 и 2 место
- Медали за освоено 1,2, 3 и 4 место на Мастерс турнирите.

**Член 3**

Турнири од проектот Детски тенис (Портокалови и Зелени)

- Топки портокалов тенис: секој натпреварувач добива по едно топче за време на играње во групи, кое по завршување останува кај клубот домаќин
- Топки портокалов тенис: за време на елиминациониот турнир, секој натпреварувач добива по едно топче за одигрување на натпреварот кое по завршување останува кај клубот домаќин
- Топки зелен тенис: секој натпреварувач добива по едно топче за време на играње во групи, кое по завршување останува кај клубот домаќин
- Топки зелен тенис: за време на елиминациониот турнир, секој натпреварувач добива по едно топче за одигрување на натпреварот кое по завршување останува кај клубот домаќин

**Член 4**

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување и се однесува на натпреварувачката 2025 година.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 25.12.2024 година